Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП
В О Е Н А   А К А Д Е М И Ј А
„Генерал Михаило Апостолски“ Скопје
- придружна членка -

# Б И Л Т Е Н
## НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА

# 53

22 ноември 2011 година
Скопје

**С О Д Р Ж И Н А**


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Реферат за избор на еден лектор по предметот *Англиски јазик* на Воената академија во Скопје „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип | 931 |
| 2. | Реферат за избор на наставник за наставно-научната област воени науки по предметот *Артилериско вооружување, опрема и инструменти* | 935 |
| 3. | Реферат за избор на наставник во наставно-научната област на општествените науки за предметот *Спасување од урнатини и заштита и спасување од пожари и поплави* | 941 |
| 4. | Реферат за избор на соработник во наставно-научната област на општествените науки за предметите: *Евакуација, засолнување и згрижување на население* и *Спасување од урнатини и заштита и спасување од пожари и поплави* | 951 |

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ЛЕКТОР ПО ПРЕДМЕТОТ АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА „ГЕНЕРАЛ МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ“ СКОПЈЕ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 03-18/32 од 19.08.2011 год. донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, одржана на 19.08.2011 год. определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден лектор по предметот Англиски јазик на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ од 05.08.2011 год. и во предвидениот рок се пријавиле следниве кандидати:

- м-р Станка Радева Цветковиќ
- Елеонора Долгоска
- м-р Јана Илиевска
- м-р Анка Веселинова
- Бисера Костадиновска

Врз основа на пријавите и приложената документација и по нивното разгледување, Рецензентската Комисија го доставува следниот извештај:

## И З В Е Ш Т А Ј

**1.** Кандидатката **м-р Станка Радева Цветковиќ** кон пријавата ги приложила следниве документи:

- Биографија
- Диплома за завршено високо образование (заверена копија)
- Потврда за завршени магистерски студии

**Биографски податоци**

Кандидатката **м-р Станка Радева Цветковиќ** е родена на 01.11.1979 година во Штип. Во 2003 година дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се стекнала со стручен назив – Дипломиран професор и филолог по англиски јазик и книжевност. Во 2007 год. се запишала на магистерски студии по конференциско толкување од англиски на македонски јазик и обратно. На 31.05.2011 год. ја одбранила магистерската теза под наслов „Толкувам (non) ergo sum – проблеми на идентификацијата кај толкувачот“ со што се стекнала со звањето магистер по конференциско толкување македонски јазик, од англиски на македонски јазик и обратно и од српски на македонски јазик.

**Работно искуство**

Кандидатката **м-р Станка Радева Цветковиќ** била вработена како наставник по англиски јазик во средното училиште „Димитар Мирасчиев“ во Штип од септември 2003 до август 2004 година. Од септември 2004 год. до денес е вработена како наставник по англиски јазик во училиште за странски јазици во Скопје. Од 2002 год. до денес во повеќе наврати била ангажирана како преведувач и толкувач од англиски на македонски јазик и обратно на конференции и за потребите на амбасадата

на САД во Република Македонија и набљудувачката мисија на ОБСЕ во Република Македонија.

**Објавени трудови**

Кандидатката **м-р Станка Радева Цветковиќ** нема објавени научни и стручни трудови.

**2**. Кандидатката **Елеонора Долгоска** кон пријавата ги приложила следниве документи:

- Биографија
- Диплома за завршено високо образование (заверена копија)
- Потврда за запишани магистерски студии

**Биографски податоци**

Кандидатката **Елеонора Долгоска** е родена на 02.12.1984 година во Скопје. Во 2008 година дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се стекнала со стручен назив – Дипломиран филолог по англиски јазик и книжевност – Преведувачка насока. Во 2010 се запишала на магистерски студии по конференциско толкување од англиски на македонски јазик и обратно кои се во тек.

**Работно искуство**

Кандидатката **Елеонора Долгоска** била вработена како наставник по англиски јазик во Центарот за странски јазици и компјутери Логос Плус од септември 2007 до јануари 2008. Од 2006 до денес во повеќе наврати била ангажирана како преведувач и толкувач од англиски на македонски јазик и обратно на семинари и проекти, и има преведено две дела од англиски на македонски јазик.

**Објавени трудови**

Кандидатката **Елеонора Долгоска** нема доставено список на научни и стручни трудови.

**3**. Кандидатката **м-р Јана Илиевска** кон пријавата ги приложила следниве документи:

- Мотивациони писмо
- Биографија
- Уверение за завршено високо образование (заверена копија)
- Уверение и потврда за завршени студии од втор циклус (заверени копии)
- Список на објавени трудови

**Биографски податоци**

Кандидатката **м-р Јана Илиевска** е родена на 03.08.1986 година во Скопје. Во 2009 год. дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се стекнала со стручен назив – Дипломиран стручен толкувач од англиски јазик и германски јазик на македонски јазик и обратно. Во 2009 се запишала на магистерски студии по конференциско толкување за

англиски и германски јазик. На 23.06.2011 год. ја одбранила магистерската теза под наслов „Судско толкување: теорија и практика“ со што се стекнала со звањето магистер по конференциско толкување македонски јазик, од англиски на македонски јазик и обратно и од германски на македонски јазик.

**Работно искуство**

Кандидатката **м-р Јана Илиевска** работела како демонстратор на катедрата за преведување и толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје од октомври 2008 до јуни 2009 година и од октомври 2009 до јуни 2010 година. Од 2008 год. до денес во повеќе наврати била ангажирана како преведувач и толкувач од англиски на македонски јазик и обратно и од германски на македонски јазик и обратно на семинари, конференции, проекти, обуки, симпозиуми и интервјуа, и има преведено едно литературно дело од македонски на англиски јазик.

**Објавени трудови**

1. Илиевска, Ј. (2009). Преведување литературна критика: превод на есеите Милтон I и Милтон II од Т. С. Елиот со поимник. *Книжевно житие,* 16-17.

2. Илиевска, Ј. (2011). Превод на литературно дело: „Ветришта над Равен“ од Христо Крстевски од македонски на англиски јазик. Скопје: КСЦ и НУБ „Св. Климент Охридски“.

**4.** Кандидатката **м-р Анка Веселинова** нема доставено комплетна документација (Нема доплома или уверение за завршено високо образование, и има доставено само копија од диплома од магистерски студии незаверена од нотар).

**5.** Кандидатката **Бисера Костадиновска** кон пријавата ги приложила следните документи:

- Биографија
- Уверение за завршено високо образование (заверена копија)
- Одлука за избор во звање лектор (незаверена копија)

**Биографски податоци**

Кандидатката **Бисера Костадиновска** е родена на 02.02.1986 год. во Битола. Во 2008 година дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се стекнала со стручен назив – Дипломиран професор по англиски јазик и книжевност. Кандидатката учествувала на неколку конференции во земјата и во странство.

**Работно искуство**

Кандидатката **Бисера Костадиновска** работела како демонстратор на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола од 2007 до 2009 година, а од 17.08.2009 год. работи како лектор по англиски јазик на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола.

**Објавени трудови**

Кандидатката **Бисера Костадиновска** нема доставено список на објавени научни и стручни трудови (доставениот список се однесува на учество на конференции).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставените пријави и приложената документација, Рецензентската комисија заклучи дека ниту еден од кандидатите не ги исполнува во целост условите предвидени во конкурсот за избор на лектор по предметот Англиски јазик. Имено, кандидатката **м-р Станка Радева Цветковиќ** има завршено магистерски студии по конференциско толкување од англиски на македонски јазик и обратно, што не соодветствува на областа во која припаѓа предметот за кој се врши изборот, и нема објавено стручни и научни трудови; кандидатката **Елеонора Долгоска** нема завршено магистерски студии и нема објавено научни и стручни трудови; кандидатката **м-р Јана Илиевска** има завршено магистерски студии по конференциско толкување од англиски на македонски јазик и обратно и од германски на македонски јазик, што не соодветствува на областа во која припаѓа предметот за кој се врши изборот; кандидатката **м-р Анка Веселинова** нема доставено комплетна документација; кандидатката **Бисера Костадиновска** нема завршено магистерски студии и нема објавено научни и стручни трудови.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го повтори конкурсот.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. Доц. д-р Нина Даскаловска, претседател

2. М-р Снежана Кирова, член

3. Доц. д-р Билјана Ивановска, член

# Р Е Ф Е Р А Т

### ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО - НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВОЕНИ НАУКИ, ПО ПРЕДМЕТОТ АРТИЛЕРИСКО ВООРУЖУВАЊЕ, ОПРЕМА И ИНСТРУМЕНТИ

Врз основа на член 132, став 1-5, од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија", бр. 35/08, 103/08, 26/09) и Законот за Воена академија („Службен весник на Република Македонија", бр. 83/09) Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" - Скопје на својата Седница одржана на 27.05.2011 година нѐ избра за членови на рецензентска комисија за избор на наставник по предметот *Артилериско вооружување, опрема и инструменти*. На конкурсот објавен во весниците „Вечер" и „Коха" од 05.08.2011 година за избор на еден наставник од областа на воените науки по предметот *Артилериско вооружување, опрема и инструменти*, според точка I-2, се пријавија 2 (двајца) кандидати и тоа: м-р Стојан Димчов, полковник и Перо Малковски, полковник. По прегледот на конкурсните материјали го доставуваме следниот,

## И З В Е Ш Т А Ј

Кандидатите со пријавите доставиле и документи од кои се гледа дека ги исполнуваат условите од конкурсот *да имаат научен степен VII (VIIA-магистер на науки во областа во која припаѓа предметот или VIIБ – специјализација за командни и штабни должности и работно искуство на командни и штабни должности во команди и единици на АРМ), за предметот за кој конкурирале, да се воени лица, да имаат објавено научни и стручни трудови, да имаат службена оценка во последните две години, најмалку „се истакнува“ и да се способни за вршење на воена служба, како и да имаат способност за изведување на високообразовна дејност.*

### 1. М-р Стојан Димчов, полковник

### I БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот м-р Стојан Димчов, полковник роден е на 23.08.1957 година во Штип. Основно училиште и гимназија (математичка насока) завршил во Штип, а во 1980 година во Белград дипломира на Воената академија.

До крајот на 1991 година во поранешната ЈНА извршувал повеќе командни должности (командир на артилериски вод, командир на артилериска батерија, заменик командант на артилериски баталјон и командант на артилериски баталјон).

Од 01.04.1992 година е припадник на Армијата на Република Македонија, каде до денес извршувал поголем број на одговорни и високи раководни, командни и штабни должности, како што се командант на артилериски и пешадиски баталјон, началник на штаб во партизанска дивизија, началник на С-3 во бригада, командант на

резервна пешадиска бригада и началник на Г-3 во ГШ на АРМ. Од 2006 година до денес ја извршува должноста Началник на Штаб во ВП 4770 Куманово. Во 1996 година е поставен за командант на баталјон во Штип, кој е првиот баталјон составен исклучиво од професионални војници.

Во периодот од 2000-2002 година, како прв офицер од АРМ, е упатен во Штабот на НАТО во Брисел, на должноста штабен офицер.

Во 2003 година бил Командант на билатерална вежба на единици од Македонија и Албанија изведена на воениот полигон "Криволак".

Во школската 1995/96 година, посетувал и успешно ги завршил последипломските студии - специјализација за командни и штабни должности во Воената Академија во Скопје, а во школската 2004/2005 година се школувал на Националниот универзитет за одбрана на САД, во Вашингтон, каде магистрирал во областа на стратегија за национална безбедност и посебно е награден како еден од најдобрите странски студенти, кои дотогаш се школувале на овој многу престижен универзитет.

Покрај ова има учествувано на повеќе меѓународни вежби, конференции и семинари од областа на воениот и одбранбениот менаџмент, во земјата и странство.

Англикиот јазик го познава во потполност и оспособен е, по потреба, да изведува настава и на англиски јазик, како и за работа со компјутери (Word, Excel, Power Point, Office Outlook и Internet).

## II НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во школската 2005/2006 година, од страна на ННС на Воената Академија е ангажиран за настава на последипломските студии – Специјализација за командни и штабни должности по предметите „*Воено раководење*" и „*Функции на ГШ на АРМ*", а во школската 2006/2007 година од страна на ННС на ВА е ангажиран за настава на последипломските студии – Специјализација за командни и штабни должности по предметот „*Воено раководење, организација на штабови и штабни функции*".

## III НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Досега има објавено повеќе написи (стручни трудови), од областа на одбраната и безбедноста, во гласилата на Министерството за одбрана: „Одбрана", „Армиски Збор" и „Штит":

1. Стојан Димчов „Помалку нуклеарно оружје за побезбеден свет", Штит, Скопје 2010;
2. Стојан Димчов „НАТО подготвува нов стратегиски концепт", Штит, Скопје 2010;
3. Стојан Димчов „Климатските промени наспроти одбраната и безбедноста", Штит Скопје 2010;
4. Стојан Димчов „Обединети за хуманост", Штит, Скопје 2010;
5. Стојан Димчов „Улогата на ООН во операциите за поддршка на мирот", Штит, Скопје 2010;

Кандидатот во пријавата достави копија од трудови кои не се објавени, а ги изработил за време на школувањето во Националниот универзитет за одбрана на САД, во Вашингтон:

1. Stojan Dimcov, „Kosovo 2005-time for final solution", National Defense University, 2005, Washington;
2. Stojan Dimcov, „Macedonia 2001-Ohrid Framework Agreement", National Defense University, 2005, Washington;

3. Stojan Dimcov, „U.N. High Commisioner for Refugees-Crisis in Zimbabwe“, National Defense University, 2005, Washington;
4. Stojan Dimcov, „Macedonia 1992-2004 Changing the Character and and conduct of War “, National Defense University, 2004, Washington;
5. Stojan Dimcov, „Current U.S. Strategy toward Iraq “, National Defense University, 2004, Washington;
6. Stojan Dimcov, „U.N. High Commissioner for Refugees “, National Defense University, 2004, Washington;
7. Stojan Dimcov, „The three most important U.S. National interests “, National Defense University, 2004, Washington.

## ТАБЕЛА
## НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

| **ед. број** | **ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ** | **ПОЕНИ** | | **Вкупно поени** |
|---|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во странство** | |
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 1. | Научно-популарна статија во весник, учество во образовна РТВ програма | 5x0,5 | / | 2,5 |
| 2. | Одржани предавања на постдипломски студии по одржан курс | 2x3 | / | 6 |
| | | | **В К У П Н О:** | **8,5** |
| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 3. | Одбранета магистерска работа | / | 1x4 | 4 |
| 4. | Студиски престој во странство | 2x8 | | 16 |
| | | | **В К У П Н О:** | **20** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 5. | Елаборати и експертизи | 1x2 | / | 2 |
| 6. | Изготвување на извештаи и анализи | 5x0,1 | / | 0,5 |
| 7. | Стручни награди и признанија | 1x4 | / | 4 |
| | | | **В К У П Н О:** | **6,5** |
| | | | **В К У П Н О:** | **35** |

**2. Перо Малковски, полковник**

## I БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Перо Малковски е роден во 1959 година во Битола, Република Македонија. Основно училиште заврши во родното место, додека средното образование, односно Воена гимназија завршил во 1978 година во Белград, Република Србија. Истата година се запишал на Воената академија во Белград, насока артилерија, каде што дипломирал во 1982 година.

По произведувањето во првиот офицерски чин бил распореден во гарнизонот Бања Лука на работното место *командир на хаубички вод,* а шест месеци подоцна е *поставен за командир на хаубичка батерија.* Во текот на војничката кариера работел на следниве командни должности:

- командир на хаубичка и минофрлачка батерија,
- заменик на командант на воен полигон,
- раководно лице на тимот одговорен за тренажни и боеви гаѓања ,
- командант на артилериски дивизион,
- командант на Центарот за обука на родот артилерија,
- командант на центарот за родот пешадија,
- командант на механизиран пешадиски баталјон, воедно командант на гарнизон.

Покрај командните должности, полковникот Малковски ги има извршувано следниве штабни должности:

- началник на секција С3 во бригада,
- началник на штаб, воедно заменик командант на бригада,
- аѓутант на Врховниот командант,
- советник на Директорот на ГШ на АРМ.

Високо воено стручно образование го започнал со мајорски испит кој го завршил во период од 1990 до 1991 година. Во 1999 година завршил курс за команданти на артилериски команди во државната воена школа на Бундесферот во Сојузна Република Германија. Во период од 2002 до 2003 година завршил Постдипломски студии - специјализација за командни и штабени должности на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" во Скопје.

Од 2006 до 2009 година извршувал должност аѓутант на Врховниот командант на вооружените сили и Претседател на Република Македонија. Активно учествувал во дефинирањето и имплементацијата на административно техничките и протоколарни активности за време на Безбедносниот форум и Самитот на претседатели на земјите од централна Европа во Охрид. За посебен ангажман и постигнати резултати има добиено признание од Претседателот на државата.

Со Решение на Министерот за одбрана, во период од 2010 до 2011 година ја извршува должноста Претседател на работна група, односно одговорно лице за реализација на планот на централната комисија за проверка на физичката подготвеност на вработените во Армијата на Република Македонија.

Од погоре изнесеното, може да се заклучи дека кандидатот Перо Малковски, полковник во континуитет се усовршувал и професионално бил ангажиран во различни дејности од делокругот на воените науки и воените вештини. Постигнатите резултати јасно сведочат за амбициозноста и квалитетот на овој кандидат и претставуваат гарант за уште поголем напредок во работата и професионалното усовршување.

## II. НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во 2008 година изработува Стандардно оперативна процедура за должностите и обврските на аѓутантот на Претседателот на РМ од административен и протоколарен карактер. Истото е одобрено од Началникот на ГШ на АРМ.

Во период од 2010 до 2011 има активно учествувано во работната група за изработка на стандардни оперативни процедури, односно дефинирање на насоки за изработка на правила и друга литература за воено стручно усовршување.

Во 2004 и 2005 година како командант на гарнизон Охрид активно учествува во организациониот одбор на Охридските пливачки и атлетски маратони.

Активно учество во работната група за изработка на плановите и програмите за обука и образование на питомците на Школата за резервни офицери од родот артилерија. Исто така има учествувано во изработката на програмите за обука на центрите за обука на родовите пешадија и артилерија.

Како предавач во повеќе наврати е ангажиран на куси курсеви за млади старешини од родот артилерија (методологија и андрагогија).

Во касарната во гарнизонот Битола има организирано ТТ зборови по повод Денот на Армијата и единицата. На барање на ТЕРА телевизија има дадено кусо интервју за Денот на Армијата во 2003 година.

За време на курсот на команданти на артилериски команди има учествувано во тимот за експертски проверки на артилериските единици на германската армија. Во соработка со командантот на единицата има вршено евалуација на боевите гаѓања на артилериски баталјон.

## III. НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во период 2001-2011 има учествувано во работни групи за изработка на елаборати, стандардно оперативни процедури, анализи и проценки согласно насоките од претпоставените команди или индивидуално. Полковникот Малковски има дадено исклучителен придонес за етаблирање на системот и поставеноста на артилериските единици и команди.

## IV. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за професионалните биографии, работното искуство и резултатите на кандидатите пријавени на конкурсот, рецензентската комисија констатира дека двајцата кандидати: м-р Стојан Димчов, полковник и Перо Малковски, полковник, ги исполнуваат условите предвидени со конкурсот.

Комисијата му дава предност при изборот на кандидатот м-р Стојан Димчов, полковник, од причина што од самиот преглед и карактеризација на изработените, рецензирани и објавени стручни трудови, се гледа плоден стручен развој на кандидатот, Кандидатот е воено лице, во чин полковник и ги исполнува условите за избор на наставник за наставно-научната област за предметот *Артилериско вооружување, опрема и инструменти*, бидејќи има: стекнато степен на образование магистер на науки од обласа на стратегија за национална одбрана, завршено ШНО и работно искуство на командни и штабни должности во команди и единици од бригада и повисоко на АРМ, познава странски јазици, последните две службени оценки му се особено се истакнува, има објавено стручни трудови и има способност за изведување на високообразовна дејност.

Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно - научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев", каде што Воената академија е придружна членка, кандидатот м-р Стојан Димчов, полковник, целосно ги исполнува условите за избор во наставничко звање. Тој покажува способност за наставно - образовна, научно - истражувачка, стручна и организациска активност, при што може да се констатира дека го надминува потребниот квантум (25 поени) за да биде избран во наставничко звање (освоени 35 поени).

Затоа членовите на Рецензентската комисија имаат особена чест и задоволство да му предложат на Наставно - научниот совет на Воената академија "Генерал Михаило Апостолски" - Скопје кандидатот м-р Стојан Димчов, полковник, да го избере во звањето **предавач** во наставно – научната област воени науки, по предметот: **Артилериско вооружување, опрема и инструменти.**

**РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА:**

1. **Д-р Драге Петрески, вон. проф., полковник на Воена акдемија – Скопје**
2. **Д-р Славко Ангелевски, вон. проф., полковник на Воена акдемија - Скопје**
3. **Д-р Елениор Николов, доцент, потполковник на Воена акдемија – Скопје**

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ ЗА ПРЕДМЕТОТ СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ И ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ И ПОПЛАВИ**

Врз основа на член 132 став 1-5 од Законот за високо образование („Службен весник на РМ“ бр. 38/08 103/08 и 26/09) и Законот за Воена академија („Службен весник на РМ“ бр.83/09) Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“-Скопје, на својата седница одржана на 19.08.2011 година, со Одлука бр. 03-18/33 од 19.08.2011 нè избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во наставно научната област на општествените науки по предметот *„Спасување од урнатини и заштита и спасување од пожари и поплави“*.

На Конкурсот објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 05.08. 2011 година, за избор на наставник за овој предмет се јави кандидатот д-р Жанет Ристоска.

Врз основа на поднесените документи, приложените трудови и познавањата на кандидатот, во согласност со член 132 од Законот за високо образование, Резензентската комисија го поднесува следниот

***И З В Е Ш Т А Ј***

***Биографски податоци***

Кандидатот *д-р Жанет Ристоска* е родена на 16.09.1964 во Загреб, Република Хрватска. Дипломирала на Филолошкиот факултет во Скопје во 1990 на Катедрата за општа и компаративна книжевност.

Магистерската тема со наслов ***„Местото и улогата на специјалните единици во современите системи за национална безбедност со посебен осврт на специјалните единици на Република Македонија“*** ја одбранила на 27. 05. 2005 година на Институтот за одбранбени и мировни студии, при Филозофскиот факултет во Скопје. Просечен успех на магистерските студии е 9,14.

На 07.07.2011 година успешно ја одбрани докторската теза на Факултетот за безбедност на Универзитетот „Св Климент Охридски“-Битола, на тема ***„Тактичко-методските аспекти на дејствувањето на воените и полициските антитерористички единици на Република Македонија на територијата на државата и во мисиите во странство во периодот 1995-2005 година“*** и се здоби со титула доктор на науки од обласа на безбедноста.

***Професионален ангажман и организациски развој***

Кандидатот д-р Жанет Ристоска, на почетокот на својата кариера работела како наставник во основното образование.

Во 1992 година, со формирањето на Армијата на Република Македонија се вработила во Министерството за одбрана како лектор во Службата за издавачка дејност. Како лектор учествувала во изработката на повеќето круцијални закони во врска со

одбраната и безбедноста на РМ (Закон за одбрана, Закон за служба во Армијата, Уредби за ЦЗ и др.).

Со промовирањето на стручното списание на МО месечникот „Одбрана“, во 1994 година, започнала нејзината соработка во ова списание како новинар и во текот на неколку години во рамките на списанието има своја рубрика под наслов „Од друг агол“, каде што објавува написи поврзани со животот и активностите на припадниците на АРМ и други теми поврзани со одбраната.

Во 1996 година запишала постдипломски студии на Институтот за одбрана во Скопје бидејќи е свесна дека нејзината професионална определба е поврзана токму со одбраната и безбедноста на РМ. Во текот на постдипломските судии, со сопстено излагање зема учество на Првиот научен собир за одбрана одржан во Охрид во 1996 година, од што подоцна е произлезен и Зборник во којшто е објавен нејзиниот прв научен труд со наслов „Улогата на воената дипломатија при решавањето на проблемите во РМ“.

Во меѓувреме, во 1998 година, пред Испитна комисија од Министерството за култура го положила стручниот испит за лектор, со што се здобива со официјална лиценца за извршување на лекторска дејност и во Секторот за воена издавачка дејност се здобива со решение за јазичен лектор и редактор.

Во 1999 година Министерството за одбрана на чело со академик Никола Кљусев го промовирала новото списание на Министерството за одбрана насловено како „Современа македонска одбрана“, коешто е стручно и научно-теоретско списание на Министерството за одбрана и кое има за цел да ги афирмира теоретските размисли и научно-стручните достигнувања на академската и експертската фела од областа на одбраната и безбедноста. Кандидатот д-р Жанет Ристоска со решение е ангажирана да биде одговорен уредник од Министерството за одбрана на ова списание. Кандидатот д-р Жанет Ристоска учествува во севкупниот процес на организација, реализација и дистрибуција на ова списание, кое веќе десет години непречено излегува.

Како уредник во целиот овој период учествувала во подготовките на неколку позначајни конференции коишто биле организирани од страна на Министерството за одбрана и Филозофскиот факултет-Скопје. Од овие конференции се произлезени и неколку публикации за чиешто излегување е одговорна како уредник.

Во текот на 2006 година остварувала соработка со проф. д-р Антон Гризолд од Факултетот за општествени науки во Љубљана и поранешен министер за одбрана на Република Словенија, од што произлегува и преводот и адаптацијата на книгата на проф.д-р Антон Гризолд „Словенија во изменета безбедносна средина“, која е печатена и промовирана од страна на Министерството за одбрана на РМ и е застапена литература на високошколските институции на РМ од областа на одбраната и безбедноста.

Во овој период таа објавила повеќе научно-стручни рецензирани трудови и активно учествува на повеќе научни конференции, работилници и семинари. Во 2006 година во месец јули, на островот Шипан ја следи летната школа насловена како „Crisis Management in South East Europe“, организирана од страна на Евроатлантскиот совет на Република Хрватска со учество на предавачи од врвни хрватски и странски високошколски установи.

Во 2007 година учествувала на НАТО конференција во врска со современите безбедносни закани по безбедноста и одбраната во регионот на Југоисточна Европа во Љубљана.

Во 2008 година мошне е значајно еднонеделното престојување на НАТО-семинарот одржан во Сараево бидејќи на овој семинар се здобила со можност да го сподели искуството со повеќе жени од Регионот и пошироко, кои се занимаваат токму со оваа проблематика.

Во текот на 2006-2008 годна станала ВД раководител на Одделението за односи со јавноста на МО на РМ, каде што има можност своето работно искуство и знаење да ги насочи во напредокот и развивањето на овој мошне битен сегмент на организациската структура на Министерството за одбрана.

Во овој период, во рамките на Одделението за односи со јавноста е формиран Регионалниот центар за односи со јавноста, каде што имаат можност да се усовршуваат кадри не само од Републиката, туку и од странство.

Кандидатката д-р Жанет Ристоска учествува на неколку активности организирани од страна на овој Центар и се здобива со меѓународна диплома за медиа-тренинг и односи со јавноста.

Во текот на 2008 година е избрана да биде одговорен уредник и лектор од страна на печатницата „Микена“ задолжена за публикување на Проектот на Владата на Република Македонија „Македонска книжевност“.

Англискиот јазик го има слушано и полагано на додипломските студии на три студиски години(6 семестри). Има завршено и два семестра од курс по шпански јазик, сите курсеви за компјутери организирани во рамките на МО.

Член е на Уредувачкиот одбор на стручно-теоретското списание ***„Современа македонска одбрана“,*** коешто го издава Министерството за одбрана на РМ.

Член е на Издавачкиот совет на стручно-теоретското списание „Современа македонска одбрана“

Била уредник на повеќе публикации во издание на Министерството за одбрана:

***1.„Македонија во НАТО“, македонска и англиска верзија, МО, 2003;***

***2.„Кризниот менаџмент во Република Македонија“, македонска и англиска верзија, МО, 2005;***

***3.„Словенија во изменета безбедносна средина“ превод и адаптација на книгата на проф. д-р Антон Гризолд, МО, 2006;***

***4.„Перспективите на РМ на патот кон НАТО“, МО,2006***

***5.„Република Македонија помеѓу Самитот во Рига и зачленувањето во НАТО, македоска и англиска верзија,МО,2007***

***6.„Глобализацијата, мирот и безбедноста“,Филозофски факултет, Министерство за одбрана,2008.***

Како лектор била ангажирана во голем број книги и научни трудови, најчесто со проблематика од безбедносната сфера.

Член на Работната група за изготвување План и програма за ВА во 2009.

**Научно-истражувачка дејност**

Кандидатот д-р Жанет Ристоска особено се истакнува во поглед на научно-истражувачката дејност за што сведочат големиот број објавени научно-стручни трудови, како и учеството со сопствени излагања, реферати и дискусии на повеќе меѓународни и домашни научни собири, конференции и семинари поврзани со проблематиката од сферата на безбедноста и одбраната.

**„Конференција на одбраната на РМ“**, Министерство за одбрана, Охрид,1996 година;(сопствено излагање)

**„Конференција на одбраната“,**Министерство за одбрана на РМ, Охрид, 2000;

Меѓународно летно школо ***„Кризни менаџмент у земљама Региона***“,- НАТО-Еуроатлантски савјет Републике Хрватске, Шипан,Дубровник, Република Хрватска, 2006;

Меѓународна конференција ***Crisis managment in the Southeast Europ,*** (***„Кризниот менаџмент во Југоисточна Европа“)***,Љубљана, Република Словенија, 2007.

Меѓународна работилница ***„Комуникациски вештини и медиа тренинг***“,Министерство за одбрана, Скопје 2007

Меѓународна НАТО-работилница ***„Women-experts combating terrorism (Жените експерти во борбата против тероризмот***(*сопствено излагање)*, Сараево 2008;

Меѓународна конференција***„Улогата на Парламентот во работата на разузнавачките служби***“, организиран од страна на во Собранието на Република Македонија во октомври 2007 година во Скопје.

Меѓународна конференција***„Глобализацијата, мирот и безбедноста***“, Скопје, 2008

Меѓународна конференција „***Безбедност, еколошка безбедност и предизвиците на Република Македонија*** , одржана во Охрид на 17 и 18 септември 2010;(сопствено излагање)

Меѓународна конференција ***„Балканот низ призмата на геополитиката и безбедносните закани***“, одржана на 1 и 2 октомври 2010 во Охрид;(сопствено излагање)

Меѓународна конференција ***„Создавање визија и стандарди-улогата на високото образование во унапредувањето на меѓукултурниот дијалог и разбирањето на мултиетничкото општество“,*** Филозофски факултет, Скопје,март 2011;

Меѓународна конференција ***„Безбедноста на постконфликтниот Западен Балкан, транзицијата и предизвиците за Република Македонија***“, одржана во Охрид, мај 2011(сопствено излагање).

***Список на објавени начно-стручни и друг вид трудови:***

Кандидатот д-р Жанет Ристоска има објавено повеќе научно-стручни рецензирани трудови, како во специјализирани научно- стручни списанија, така и во Зборници произлезени од научни конференции и собири. Исто така, објавувала и новинарски и друг вид статии во стручни списанија од обласга на одбраната.

***Научно-стручни, рецензирани трудови, објавени во теоретско научно-стручно списание:***

*1.Специјалните единици на Република Македонија, „Современа македонска одбрана бр 7, МО, 1998;*

*2.Промените во системот за национална безбедност и одбрана на Република Македонија како резултата на новиот вид безбедносни закани, Современа македонска одбрана бр 12, МО, 2006;*

*3.Организација на ефикасни специјални сили во согласност со доктрината за справување со современите безбедносни закани, Современа македонска одбрана бр.13, МО, 2006;*

*4.Интегриран систем за управување со кризи како релевантен одговор на новите видови безбедносни закани и ризици, списание „Управување со кризи“ бр 1, ЦУК, Скопје,2006;*

*5.Исполнувањето на комуникациската стратегија за информирање на јавноста како неминовен дел од исполнувањето на побарувањата за зачленување во НАТО, публикација „Република Македонијапомеѓу Самитот во Рига и зачленувањето во НАТО,Министерство за одбрана, 2007;*

*6. Третманот на тероризмот во рамките на современите безбедносни стратегии*, Современа македонска одбрана бр.22 (во печат),МО, 2011

Објавени научно-стручни рецензирани трудови во Зборници произлезени од домашни и меѓународни конференции и научни собири

*1.Улогата на воената дипломатија во Република Македонија, Зборник на трудови од научна конференција, Министерство за одбрана, 1996;*

*2.Структурните промени и реформите во рамките на специјалните единици на РМ како неминовен дел од трансформациите на безбедносниот сектор за приближување до колективното членство, учеството во мировните мисии и ефикасно справување со новиот вид безбедносни закани, Зборник на научни трудови, Конференција:„Безбедност, еколошката безбедност и предизвиците на Република Македонија, Факултет за безбедност, Скопје,2010;*

*3.„Старо-нови безбедносни закани за Балканот“ Зборник на трудови од меѓународната конференција „Балканот низ призмата на геополитиката и безбедносните закани“,Филозофски факултет, Скопје, 2011;*

*4.The relations between mass-media and new kind of security threats“,Зборник на трудови од меѓународната конференција „Безбедноста на постконфликтниот Западен Балкан, транзицијата и предизвиците за Република Македонија“*, Факултет за безбедност, Скопје, 2011.

Статии во популарни и научно-стручни списанија:

1. *„Тероризмот versus медиумите“,* списание „Штит“ бр3 ,МО,2010.
2. *Приказ на книгата „Кризен менаџмент“ од проф.д-р Марина Митревска,Современа македонска одбрана бр 11, МО, 2005;*

*3 .Приказ на книгата „Менаџирање на ризици“од проф. д-р Лидија Георгиева, Современа македонска одбрана бр.14, МО, 2006;*

*4.Приказ кон книгата „Политички систем“ на проф. д-р Биљана Ванковска, Совремеа македонска одбрана бр.15, МО,2007;*

*5.Приказ кон книгата „АРМ кон НАТО-концептуален приказ и организациски развој“ од проф. д-р Зоран Нацев и м-р Димче Петровски, бригаден генерал, Современа македонска одбрана бр. 18, МО, 2009;*

*6. Приказ на книгата „Кризите во независна Република Македонија“ од проф. д-р Трајан Гоцевски, Современа македонска одбрана бр 20,МО,2010.*

***Евалуација на некои од позначајните трудови:***

**1.Специјалните единици на Република Македонија,Современа македонска одбрана бр. 8, декември 2003;**

Во овој труд е направен пресек на состојбите во рамките на првичните преструктуирања и реформите во Армијата на Република Македонија. Воведниот дел на трудот се задржува на промените во безбедносното окружување и појавата на нови безбедносни закани и предвизици во окружувањето. Армијата на Република Македонија се формира веднаш по осамостојувањето на РМ, но со текот на времето и развојот на настаните беа нужни промени и реформи во севкупната формациска поставеност на Армијата. Целта на трудот е да укаже во која насока треба да одат реформите. Посочено е дека во современата констелација на безбедносни случувања, предизвици и закани, како и определбата на Република Македонија за колективно членство во НАТО, приматот треба да се стави во создавање мала, мобилна и ефективна армија. Јадрото на една таква армија треба да биде во специјалните единици. Во разработката на трудот, најпрвин е дадена теоретска рамка каде се дефинирани специјалните единици, нивната генеза и значење. Потоа е направен хронолошки пресек на развојот на специјалните единици во Армијата на Република Македонија. Претставени се баталјоните на воената полиција, специјалната единици за противелектронско дејство („Рисови“), падобранскиот одред „Соколи“, „Скорпиите“, „Леопардите“.Посебно е анализирана реорганизацијата во Единицата за специјални намени „Волци“.Заклучниот дел на трудот ги дава перспективите за доразвивање на специјалните единици на Република Македонија кои треба да бидат стожерот на новата армија и кои според својата подготвеност и обученост ќе одговорат на најголемиот број безбедносни предизвици, како и помош и поддршка на единиците на МВР и другите специјални единици и тимови за брзо реагирање при справувањето со големиот број цивилни несреќи и катастрофи кои го надминуваат доменот на дејствувањето на тие единици.

**2.Промените во системите за национална безбедност и одбрана на Република Македонија како резултат на новиот вид безбедносни закани, Современа македонска одбрана бр.12, декември 2005;**

Во овој труд е направена хронолошка анализа на сите промени во рамките на системот за безбедност и одбрана на Република Македонија. Воведниот дел на трудот се занимава со теориска анализа на неколку позначајни современи стратегиски концепти за справување со неконвенционалните безбедносни закани во светски рамки. Главниот дел на трудот се фокусира на состојбите на ова поле во Република Македонија. Конкретно се евалуирани неколку позначајни закони и стратегиски документи поврзани со безбедноста и одбраната. Посочено е на еволутивниот развој на легислативата, која нужно мора да кореспондира и да соодветствува на сите организациски промени, како и на побарувањата на колективното членство. Во однос на справувањето со неконвенционалните закани децидно е

нагласена улогата на специјалните единици на РМ,  кои сега се опфатени и со посебни закони во однос на пружањето поддршка и помош при справувањето со голем број неконвенционални закани, како и природни непогоди и катастрофи од поголем обем на територијата на Република Македонија. Направена е анализа  на *Законот за одбрана*, *Законот за управување со кризи*, *Концепцијата за национална безбедност и одбрана, Стратегискиот одбранбен преглед* и други документи.

## 3.Организација на ефикасни специјални сили во согласност со доктрината за справување со современите безбедносни закани

Во воведниот дел на овој труд авторот конкретно се задржува на анализата на доктрината на специјалното војување. Направена е анализа на еволутивниот развој на оваа доктрина. Меѓу другото, претставена е американската Доктрина на судирите со низок интензитет за да се дојде до претставувањето на современата американска Доктрина на изведување специјални операции. Во овј контекст дефинирани се сите видови специјални операции, кои се изведуваат единствено со припадници на специјалните сили.

Заклучокот од ова анализа е дека секоја современа доктрина за специјалното војување вклучува организација на посебно обучени и опремени сили за изведување на мисиите посочени во доктрината. Организацијата на овие сили е поинаква и отстапува од организацијата на класичните воени единици. Специјалните сили се организираат и обучуваат за изведување посебни мисии. Меѓу тие мисии се вбројуваат неконвенционалното војување, директните акции, специјалното пребарување и спасување, помош на странски земји, специјално извидување и противтерористичката борба. Според приоритетот на мисијата се определува и видот на специјалната единица. Најзначно од анализита извршена во овој труд е што конкретно се предава организациската структура на специјалните единици и што се нагласува дека таа организација е речиси идентична во сите земји, без разлика на големината и определбата на државата. Овие единици функционираат во тимови. Тимот е основна отранизациска клетка на специјалните единици (тим А, тим Б, тим Ц). Заклучокот и препораките на овој труд се дека  секоја армија која сака да формира специјални единици (заради присутноста не сè поголем број асиметрични безбедносни закани и други причини), мора да се придржува и до принципите за организирање, обука и употреба на овие едници. Овие единици се скапа но исплатлива инвестиција на секоја современа држава која се грижи за мирот и безбедноста на својот народ и државата.

***Прилог:***

***Табела на активности кои се бодираат при избор за наставник***

| ед. број | ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ | ПОЕНИ | | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство | |
| | Нучно-образовна дејност | | | |
| | | | | |
| **1.** | **2** | **3** | **4** | **5** |
| 9. | Научно популарна статија во стручно методско списание | 5x1 | | 5 |
| 10. | Научно популарна статија во весник учество образовна РТВ програма | 4x0,5 | | 2 |
| 18. | Раководител на семинар | 2 | | 2 |
| 32 | Статија во наставно-образовно списание | 4 | | 4 |
| 33. | Рецезент на труд | 1x2 | | 2 |
| | | | **В К У П Н О:** | **15** |
| | **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | | | |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено со (СЦИ/ЦА) | 1x3 | | 3 |
| 7. | Секциско предавање на научен собир | 2 | | 2 |
| 9 | Учество на научен собир со реферат, сопствено излагање на панел | 5x1,5 | | 7,5 |
| 10 | Одбранета докторска дисертација | 8 | | 8 |
| 11 | Одбранета магистерска теза | 4 | | 4 |
| 13. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 1x2 | | 2 |
| 14. | Уредник во научно списание | 3 | | 3 |
| 15. | Член на Уредувачки одбор | 1x2 | | 2 |
| 22 | Студиски престој во странство | 8 | | 8 |
| | | | **В К У П Н О:** | **39,5** |

| ед. број | ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ | ПОЕНИ | | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство | |
| | Нучно-образовна дејност | | | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| | **2** | **3** | **4** | **5** |
| 5. | Труд во научно популарно списание | 4x2 | | 8 |
| 8 | Учество на стручен собир | 2x0,5 | | 1 |
| 9 | Одговорен уредник на научно-стручно списание (Современа македонска одбрана) | 3 | | 3 |
| 10. | Член на уредувачки одбор на стручно списание | 2x0,5 | | 1 |
| 13 | Учесник во научен проект | 2x2 | | 4 |
| 15. | Техничко унапредување | 2 | | 2 |
| 18 | Изготвување извештаи | 10x0,1 | | 1 |
| 19 | Стручни награди и признанија | 4 | | 4 |
| 29 | Член на институтски орган, комисија | 2 | | 2 |
| | | | **В К У П Н О:** | **26** |
| | | | **В К У П Н О:** | **80,5** |

## *ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ*

1. Врз основа на изнесените биографски податоци, кандидатотот д-р Жанет Ристоска има соодветно образование од областа на општествените науки, докторат од областа на безбедноста.

2. Врз основа на приложениот Список на објавени научно-стручни објавени трудови, Комисијата заклучува дека кандидатот има доволен број на објавени стручни трудови од областа на одбраната и безбедноста.

3. Врз основа на анализата на севкупниот професионален ангажман, стручно-апликативната дејност и организацискиот развој, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот е високо мотивиран и сестрано и плодно ангажиран на полето на одбраната и безбедноста на Република Македонија.

Рецензентската комисија, во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип, каде што Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“-Скопје е придружна членка, констатира дека кандидатот д-р Жанет Ристоска покажува способност за научно-образовна дејност (15 поени), за научно-истражувачка дејност (39,5 поени) и за стручно-апликативна и организационо-развојна дејност (26 поени), со што го исполнува квантумот од 75 поени ( има вкупно 80,5 поени) и ги исполнува критериумите за избор во наставното звање доцент во областа на општествените науки за предметот „*Спасување од урнатини и заштита и спасување од пожари и поплави*“.

Врз основа на приложените материјали, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ да му предложат да го избере кандидатот д-р Жанет Ристоска во звање доцент во наставно-научната област од општествените науки по предметот *„Спасување од урнатини и заштита и спасување од пожари и поплави“.*

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. Д-р Менде Солунчески, доцент с.р.
2. Д-р Методија Дојчиновски, доцент, с.р.
3. Д-р Александар Главинов, доцент, с.р.

## РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ ЗА ПРЕДМЕТИТЕ: ЕВАКУАЦИЈА, ЗАСОЛНУВАЊЕ И ЗГРИЖУВАЊЕ НА НАСТРАДАНОТО И ЗАГРОЗЕНО НАСЕЛЕНИЕ И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ И ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ И ПОПЛАВИ

Врз основа на член 132 став 1-5 од Законот за високо образование („Службен весник на РМ" бр. 38/08 103/08 и 26/09) и Законот за Воена академија („Службен весник на РМ" бр.83/09) Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михајло Апостолски"-Скопје, на својата седница одржана на 19.08.2011 година, со Одлука бр. 03-18/33 од 19.08.2011 нè избра за членови на Рецензентската комисија за избор на соработник по предметите: *Евакуација, засолнување и згрижување на настраданото и загрозено население* и *Спасување од урнатини и заштита и спасување од пожари и поплави*.

На Конкурсот објавен во весниците „Вечер" и „Koxa" од 05.08. 2011 година, за избор на наставник за овој предмет се јавија кандидатите: м-р Вејсели Урим, м-р Георгиев Гоце, м-р Ѓорески Игор, м-р Илиевски Јанче, м-р Илиевска С. Елена, м-р Петрески Тони, м-р Рамадани Мирвет, м-р Рамов Живко, м-р Стерјовски Дарко и м-р Тимоска Маја. Кандидатот м-р Ѓорески Игор на ден 11.2011 година ги повлече своите документи.

Врз основа на поднесените документи, приложените трудови и познавањата на кандидатите, во согласност со член 132 од Законот за високо образование, Резензентската комисија го поднесува следниот

## *И З В Е Ш Т А Ј*

### м-р Вејсели Урим

***Биографски податоци***

Кандидатот м-р Вејсели Урим, е роден на 1968 во Скопје, Република Македонија.

Дипломирал на Воена академија во Задар. Педагошки факултет на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје.

Магистерската тема со наслов ***„Политичките аспекти на CIMIC согласно доктрината на НАТО"*** ја одбрани на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања (ИСППИ) на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје

***Професионален ангажман и организациски развој***

Кандидатот м-р на почетокот на својата кариера во 1991 работи како поручник во Армијата на Република Македонија. Од 1991 до 2005 година бил на различни должности во АРМ и напредувал од чин поручник до чин мајор. Од 2005 година до денес работи во Центарот за управување со кризи. Од 2005 до 2007 гоидина е Раководител на Секторот за операции. Од 2007 до денес е раководител на Секторот за меѓународна соработка во Центарот за управување со кризи.

***Наставно образовна дејност***

Држел предавања и вежби на Факултетот за комуникациски науки и технологии на Универзитетот на Југоисточна европа во Тетово во периодот од 2004 до 2006 година.

***Научно-истражувачка дејност***

Успешно одбранета магистерска теза. Пријавена и прифатена тема за докторска теза на ИСППИ при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје. Автор е на повеќе научни и стручни трудови.

***Стручно апликативна дејност и организациско- развојна дејност***

Има познавање на англиски и српскиот јазик и солидни компјутерски способности и компетенции. Учествувам на голем број семинатри, конференции и вежби. Член е во повеќе работни групи од областа на превенција и управување со кризи. Член е на владини тела. Бил раководител на повеќе семинари и меѓународни вежби.

***Список на објавени трудови:***

1. Влијанието на цивилната и воената соработка во воени мисии, Современа македонска одбрана, МО, бр.13, 2006 година
2. Безбедносни преди звици на Република Македонија и управување со кризи, Кризен менаџмент, ЦУК, бр.1, 2006
3. Управување со кризи и цивилна и воена соработка, Кризен менаџмент, ЦУК, бр.1, 2006
4. Центарот за управување со кризи и меѓународната соработка, Кризен менаџмент, ЦУК, бр.2, 2009

Согласно Правилникот кандидатот има вкупно 105,6 поени. Кандидатот ги исполнува условите за соработник на Воената академија.

**м-р Георгиев Гоце**

***Биографски податоци***

Кандидатот *м-р* Георгиев Гоце е роден на 1974 во Виница, Република Македонија.

Дипломирал на Институтот за одбранбени и мировни студии, при Филозофскиот факултет на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје.

Магистерската тема со наслов ***„Војна за стратегиски природни ресурси“*** ја одбрани на Институтот за одбранбени и мировни студии, при Филозофскиот факултет во Скопје и се здоби со научен степен магистер по одбрана.

***Професионален ангажман и организациски развој***

Кандидатот м-р Георгиев Гоце се вработува во 2005 година во ЕЛС-општина Виница како комунбален инспектор на кое место се уште работи.

***Наставно образовна дејност***

Нема искуство во наставно образовна дејност

***Научно-истражувачка дејност***

Успешно одбранета магистерска теза. Пријавена и прифатена тема за докторска теза на Факултетот за безбедност при Универзитетот Св. Климент Охридски-Битола.

***Стручно апликативна дејност и организациско- развојна дејност***

Поседува солидни компјутерски способности и компетенции. Има издадено два трудови во Штит.

Кандидатот не ги исполнува условите за избор на соработник, согласно Правилникот за критериумите и постапката за избор.

***м-р*** **Илиевски Јанче**

***Биографски податоци***

Кандидатот *м-р* Илиевски Јанче е роден на 1965 во Скопје, Република Македонија.

Дипломирал на Центарот за високи воени школи-Воена академија-копнена војска во Белград во 1988 година.

Магистерската тема со наслов ***„ Искуствата на УНПРЕДЕП и научени лекции за превентивна дипломатија“*** ја одбрани на Институтот за одбранбени и мировни студии, при Филозофскиот факултет во Скопје и се здоби со научен степен магистер на мир и развој.

***Професионален ангажман и организациски развој***

Кандидатот м-р на почетокот на својата кариера работи како командир на артилериско ракетни единици во ЈНА во Бања Лука. Од 1992 работи како командир на артилериската единица во Првата гардиска бригада во Скопје. Денес работи како извршител за логистика во Одделението за подршка на Воената академија во Скопје.

***Наставно образовна дејност***

Кандидатот држел предавања на Воената академија по предметите: Вооружување со на става на гаѓање и Извидувачка и топографско-геодетска подршка на артилериски дејства во периодот од 2001 до 2004 година.

***Научно-истражувачка дејност***

Успешно одбранета магистерска теза. Учествувал на повеќе конференции и има објавено трудови во повеќе списанија и зборници

***Стручно апликативна и организациско- развојна дејност***

Има познавање на англискиот јазик и српскиот јазик и солидни компјутерски способности и компетенции.

***Список на објавени трудови:***

**Првата превентивна мисија на ООН** – „Штит“ февруари 2011, магацин на Министерството за одбрана на Република Македонија.

Согласно Правилникот кандидатот има вкупно 40,5 поени. Кандидатот ги исполнува условите за соработник на Воената академија.

*м-р* **Илиевска С. Елена**

***Биографски податоци***

Кандидатот *м-р* Илиевска С. Елена е родена 1983 во Битола, Република Македонија.

Дипломирала на Факултетот за физичка култура на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје.

Магистерската тема со наслов ***„Структура на карате елементите во спортската борба и нивно влијание врз постигнатиот успех“*** ја одбранила на Факултетот за физичка култура на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје и се стекнала со научен степен –**магистер на кинезиологија.**

***Професионален ангажман и организациски развој***

Кандидатот м-р Илиевска С. Елена од увидот на приложената документација нема засновано работен однос и до сега е невработена.

***Наставно образовна дејност***

Има наставно искуство како демонстратор и асистент на Универзитетот во Нови Пазар, Република Србија.

***Научно-истражувачка дејност***

Успешно одбранета магистерска теза. Учествувала на конференции и има објавено трудови во списанија и зборници.

***Стручно апликативна дејност и организациско- развојна дејност***

Има одлично познавање на англискиот и српскиот јазик солидни компјутерски способности и компетенции. Повеќекратен државен првак во шотокан карате. Има објавено 2 труда во годишници на Факултетот за безбедност при Универзитетот Св. Климент Охридски-Битола.

Кандидатот не ги исполнува условите за избор на соработник, согласно Правилникот за критериумите и постапката за избор.

*м-р* **Петрески Тони**

***Биографски податоци***

Кандидатот *м-р* Петрески Тони е роден 1968 година во Прилеп, Република Македонија.

Дипломирал на Филозофскиот факултет Институтот за одбранбени и мировни студии, на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје.

Магистерската тема со наслов ***„Улогата на оипштата и воената дипломатија во зачленување на Република Македонија во НАТО и ЕУ “*** ја одбранил на Институтот за одбранбени и мировни студии, при Филозофскиот факултет во Скопје во 2008 година и се здобил со научен степен магистер на одбрана.

***Професионален ангажман и организациски развој***

Кандидатот м-р Петрески Тони е вработен во 1998 година во Министерството за одбрана-Одделение за одбрана во Прилеп. На почетокот на својата кариера работи како

референт. Од 2002 до 2010 е раководител на Одделението за одбрана во Прилеп. Сега е советник во Одделението за одбрана во Прилеп.

***Наставно образовна дејност***

Нема искуство во наставно образовната дејност.

***Научно-истражувачка дејност***

Успешно одбранета магистерска теза. Во завршна фаза докторска дисертација на тема „Основи на надворешно-политичката и дипломатско – безбедносната стратегија на Република Македонија“ на Институтот за одбранбени и мировни студии, на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје.

***Стручно апликативна дејност и организациско- развојна дејност***

Има познавање на англискиот и српскиот јазик и солидни компјутерски способности и компетенции. Во периодот од 2002 до 2005 година е именуван за командант на Подрачниот штаб за цивилна заштита на Прилеп.

***Список на објавени трудови:***

1. Улогата на воената дипломатија во зачленување на РМ во НАТО, Современа Македонска одбрана, бр.21, Министерство за одбрана, 2011.

Согласно Правилникот кандидатот има вкупно 32 поени. Кандидатот ги исполнува условите за соработник на Воената академија.

***м-р* Рамадани Мирвет**

***Биографски податоци***

Кандидатот *м-р* Рамадани Мирвет е роден на 1981 во Скопје, Република Македонија.

Дипломирал на Филозофскиот факултет Институтот за одбранбени и мировни студии на Универзитетот Св.Кирил и Методиј-Скопје

Магистерската тема со наслов ***„Организираност на системот за заштита и спасување во Република Македонија за функционирање во хуманитарни кризи“*** ја одбранил на Институтот за одбранбени и мировни студии, при Филозофскиот факултет во Скопје и се здобил со научен степен магистер по мир, во 2008 година.

***Професионален ангажман и организациски развој***

Кандидатот м-р Рамадани Мирвет во периодот од 2006 до 2008 е именуван од Владата на Република Македионија за заменик директор на Дирекцијата за заштита и спасување. Денес е невработен.

***Наставно образовна дејност***

Избран е за соработник и одржува вежби по предметот „Системи за управување со кризи и заштита и спасување“ на Воената Академија во 2010 и 2011 година.

***Научно-истражувачка дејност***

Успешно одбранета магистерска теза. Коавтор е на скрипта по предметот „Системи за управување со кризи и заштита и спасување“ Учествувал на научни конференции и семинари.

***Стручно апликативна дејност и организациско- развојна дејност***

Има познавање на англискиот, српскиот и германски јазик и солидни компјутерски способности и компетенции. Назначен е заменик командант на Републичкиот штаб за заштита и спасување од 2006 до 2008 година, како и за Координатор на републичкиот план за заштита и спасување во 2008 година. Именуван е за советник-консултант на Директорот на ЦУК.

Согласно Правилникот кандидатот има вкупно 42,4 поени. Кандидатот ги исполнува условите за соработник на Воената академија.

***м-р* Рамов Живко**

***Биографски податоци***

Кандидатот *м-р* Рамов Живко е роден во 1962 година во с. Рожден, Кавадарци, Република Македонија. Завршил машински факултет во 1989 година на универзитетот Св. Кирил и Методи во Скопје. Магистрирал на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, на Факултетот за менаџмент на човелки ресурси и се здобил со научен степен магистер по менаџмент на ловелки ресурси во 2011 година.

***Професионален ангажман и организациски развој***

Кандидатот м-р Рамов Живко на почетокот на својата кариера во 1989 година работел како референт на техничка служба во механизиран батаљон а од 1992 година во АРМ на повеќе должности (бил Управник на ТЕП, шеф на отсек за логистика во 2006-2009 година а до денес е Раководител на одделението за поддршка во Воената академија – Скопје).

***Наставно образовна дејност***

Нема искуство во наставно образовна дејност во областа на високото образование.

***Научно-истражувачка дејност***

Учествувал на повеќе конференции и семинари со свои трудови.

***Стручно апликативна дејност и организациско- развојна дејност***

Има познавање од италијански, англиски и српски јазик.

***Список на објавени трудови:***

„The estimation of competentions for veterans included in civile life-second carier”.

Кандидатот не ги исполнува условите за избор на соработник, согласно Правилникот за критериумите и постапката за избор.

*м-р* **Стерјовски Дарко**

***Биографски податоци***

Кандидатот м-р Стерјовски Дарко е роден 1980 година во Скопје, Република Македонија.

Дипломирал на Воената академија Генерал Михајло Апостолски Скопје.

Магистерската тема со наслов ***„Развој на Европската безбедност и одбранбена политика согледана низ односот на ЕУ и НАТО низ конфликтите од Западен Балкан“*** ја одбрани на Филозофскиот факултет на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје и се здоби со научен степен магистер на науки од областа на безбедноста.

***Професионален ангажман и организациски развој***

Кандидатот м-р Стерјовски Дарко на почетокот на својата кариера работи како поручник во касарната Илинден во Скопје. Денес работи во АРМ.

***Наставно образовна дејност***

Нема искуство во наставно образовна дејност во областа на високото образование.

***Научно-истражувачка дејност***

Успешно одбранета магистерска теза. Учествувал на научни конференции и семинари.

***Стручно апликативна дејност и организациско - развојна дејност***

Има познавање на англискиот јазик и солидни компјутерски способности и компетенции. Има објавено трудови во Штит-број 2, 21 и 23.

Согласно Правилникот кандидатот ги исполнува условите за избор на сорботник, со освоени 30 поени.

*м-р* **Тимоска Маја**

***Биографски податоци***

Кандидатот м-р Тимоска Маја е родена на 1972 во, Република Македонија. Дипломирала на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет на Универзитетот Св. Кирил и Методиј-Скопје.

Магистерската тема со наслов „Поставеноста и реализацијата на содржините за самозаштита во новата концепција на основното образование’’ ја одбранила на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет на Универзитетот Св. Кирил и Методиј-Скопје и се здобила со научен степен магистер на педагогија.

***Професионален ангажман и организациски развој***

Кандидатот м-р Тимоска Маја на почетокот на својата кариера работела во Министерството за одбрана во Воена болница од 1991 до 2001 година. Од 2001 до 2005 година работила во Министерството за одбрана-Сектор за цивилна заштита. Од 2005 година до денес работи во Дирекцијата за заштита и спасување. Сега е Раководител на одделението за аналитика и истражување во системот за заштита и спасување во Секторот за аналитика и истражување во Дирекција за заштита и спасување.

***Наставно образовна дејност***

Кандидатот нема искуство во наставно образовната дејност во областа на високото образование.

***Научно-истражувачка дејност***

Успешно одбранета магистерска теза. Учествувала на повеќе научни конференции и семинари. Автор е на повеќе научни и стручни трудови.

***Стручно апликативна дејност и организациско - развојна дејност***

Има познавање на англискиот и српскиот јазик и солидни компјутерски способности и компетенции. Има активно учество во изработката на: Националната стратегија за заштита и спасување, Процената за загрозеност на РМ од природни непогоди и други несреќи, Националниот План за заштита и спасување, Стратегијата за адаптација на здравствениот сектор кон климатските промени во Република Македонија, Акциониот план за превенирање на последиците од топлотните бранови врз населението во Република Македонија, Националниот План за подготовка и одговор на здравствениот систем при вонредни/кризни состојби во Република Македонија, Стратешкиот план на Дирекцијата за заштита и спасување итн. Во 2011 година е назначена за Национален Координатор за Обука во ЕУ Механизам за Цивилна заштита во Брисел од Република Македонија.

***Список на објавени трудови:***

1. Using knowledge to save lives in case of earthquake, *Technical Faculty* Србија, Чачак
2. Raising the awareness of pupils about natural disasters, the significance of training and cooperation, POLICE ACADEMY, Bucharest, Romania, 2011
3. Намалување на ризикот од катастрофи како приоритет во училиштата - предизвици и можности, Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски, Битола,
4. „Едукација за самозаштита-состојба и перспективи'' Филозофски Факултет-Институт за педагогија, Св. Кирил и Методиј, Скопје.
5. Квалитетно образование кај деца заболени од астма, Филозофски Факултет-Институт за педагогија, Св. Кирил и Методиј, Скопје.
6. Квалитетно образование кај деца заболени од астма, Здружене на педијатрите на Р.Македонија
7. Респираторни инфекции со Streptococcus pyogenes и улогата на педијатарот во нивно откривање и лекување, Здружене на педијатрите на Р. Македонија
8. Предвремен пубертет кај девојчињата од аспект на педијатар во примарната здравствена заштита Здружене на педијатрите на Р. Македонија
9. Влијанието на разводот на родителите врз успехот на учениците, Македонско лекарско друштво
10. Ставовите и мислењата на наставниците, училишниот педагог и директорите по однос на значењето од изучување содржини од областа самозаштита, Педагошка ревија

Согласно Правилникот кандидатот има вкупно 59,6 поени. Кандидатот ги исполнува условите за соработник на Воената академија.

***Прилог:***
***Табела на активности кои се бодираат при избор за соработник за м-р Урим Вејсели***

| Ред број | ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ | ПОЕНИ | | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 4. | Интерна скрипта | 1x2 | | 2 |
| 5. | Ментор на одбранети дипломски работи | 7x1 | | 7 |
| 9. | Научно популарна статија во стручно методско списание | 1x1 | | 1 |
| 18. | Раководител на семинар | | 4 | 4 |
| 22. | Воведување на наставен предмет | 3 | | 3 |
| 26. | Предавања(неделен фонд на часови) | 4(2x0,2) | | 1,6 |
| **В К У П Н О:** | | | | **18,6** |
| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 7. | Секциско предавање на научен собир | 2 | | 2 |
| 1. | Одбранета магистерска теза | 4 | | 4 |
| 13. | Учесник во научен проект | 3x2 | | 6 |
| 22 | Студиски престој во странство | 8 | | 8 |
| **В К У П Н О:** | | | | **20** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 5 | Труд во стручно списание | 3x2 | | 6 |
| 7. | Пленарно предавање на стручен собир | 2x2 | | 4 |
| 8 | Учество на стручен собир | 36x0,5 | | 18 |
| 10. | Член на уредувачки одбор на стручно списание | 2x0,5 | | 1 |
| 15. | Техничко унапредување | 2 | | 2 |
| 18 | Изготвување на извештаи од анализи | 10x0,1 | | 1 |
| 19 | Стручни награди и признанија | 4 | 8 | 12 |
| 26 | Раководител на сектор | 3 | | 3 |
| 27 | Член на владини тела | 4x5 | | 20 |
| **В К У П Н О:** | | | | **67** |
| **В К У П Н О:** | | | | **105,6** |

## *ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ*

1. Врз основа на изнесените биографски податоци, кандидатотот м-р Урим Вејсели има соодветно образование од областа на општествените науки.

2. Врз основа на приложениот Список на објавени научно-стручни објавени трудови, Комисијата заклучува дека кандидатот има доволен број на објавени стручни трудови од областа на управување со кризи и заштита и спасување.

3. Врз основа на анализата на севкупниот професионален ангажман, стручно-апликативната дејност и организацискиот развој, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот е високо мотивиран и сестрано и плодно ангажиран на полето на управување со кризи и заштита и спасување во Република Македонија.

Рецензентската комисија, во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип, каде што Воената академија „Генерал Михајло Апостолски"-Скопје е придружна членка, констатира дека кандидатот м-р Урим Вејсели покажува способност за научно-образовна дејност (18,6 поени), за научно-истражувачка дејност (20 поени) и за стручно-апликативна и организационо-развојна дејност (67 поени), со што го исполнува квантумот од 25 поени ( има вкупно 105,6 поени) и ги исполнува критериумите за избор во наставното звање соработник во областа на општествените науки за предметите „ *Евакуација, засолнување и згрижување на настраданото и загрозено население*" и „*Спасување од урнатини и заштита и спасување од пожари и поплави*".

Врз основа на приложените материјали, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михајло Апостолски" да му предложат да го избере кандидатот м-р Урим Вејсели во звање соработник во наставно-научната област од општествените науки по предметите *„Евакуација, засолнување и згрижување на настраданото и загрозено население" и „Спасување од урнатини и заштита и спасување од пожари и поплави".*

Комисијата исто така на ННС му предлага во изборот за останатите предмети на Воената академија кандидатите кои ги исполнуваат условите за избор на соработник и се соодветни за наставните предмети да имаат приоритет.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1.Д-р Менде Солунчески, доцент с.р.

2.Д-р Методија Дојчиновски, доцент, с.р.

3.Д-р Александар Главинов, доцент, с.р.